# БИТЕК А

*Еднокомпонентен, еластичен, полимер-битуменски, врело нанесувачки кит*

*Одговара на: ASTM D 6690 Тип I*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Исполна на хоризонтални спојници (фуги) и пукнатини кај бетонски и асфалтни паркиралишта, патишта, аеродромски писти. При формирање на дилатациони фуги на мостови, кај покриви обложени со бетонски плочи, танквани, места за преточување на нафта и нафтени деривати и др.

## СВОЈСТВА

- Црна смолеста смеса;
- Водонепропуслив;
- Лесно вградлив, со загревање;
- За минимална ширина на фуга од 10 mm.
- Одлична атхезија за подлоги од бетон, асфалт и метал;
- Постојан на обична и солена вода и други атмосферски влијанија;
- Отпорен на слаби раствори на бази и киселини;
- Отпорен на нафта и нафтени деривати;

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|
| Температура на омекнување | 105°C до 115°C |
| Температура на апликација | 195°C до 210°C |
| Стабилност - постојаност на ниска температура (не пука) | T = - 18°C |
| Стабилност - постојаност на висока температура (не тече) | T = + 60°C за 5 часа |
| Издолжување | ≥15% |
| Пенетрација | 25-50/10 mm |

## ПОДГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА:

Подлогата треба да биде сува, чиста, обезмастена и обеспрашена. Најдобро е чистење со компримиран воздух под притисок.

## ВГРАДУВАЊЕ

Битек-А се приготвува во соодветен казан (дупликатор - со дупли ѕидови), за топење во маслена бања. На казанот треба да има вградена мешалка и мерач за контролирање на температурата. Дозволена максимална температура е T=210°C, а оптимална температура на загревање е T=200°C.
Исполнувањето на фугите се врши со залевање во една или две работни постапки, во зависност од димензијата на фугата.
Не е дозволено да се користи два пати загреана смеса и смеса која се грее подолго од 6 часа.

ГРАДЕЖНИ КИТОВИ



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

## ПОТРОШУВАЧКА

Специфична тежина: 1,2 g/cm³

## ЧИСТЕЊЕ

Алатот и опремата се чистат со Растворувач П веднаш по употребата.

## ПАКУВАЊЕ

Рефус

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинална затворена амбалажа. На температура од минимум 5°C до 35°C, заштитен од директно изложување на сонце. Рок на употреба 12 месеци.

ГРАДЕЖНИ КИТОВИ

<u>Опасност по здравјето:</u> Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата. При инцидентен контакт, производот треба веднаш да се отстрани со ладна вода и да се обезбеди медицинска помош. При работа со производот да се користи заштитана опрема (чевли, облека, очила и ракавици). Доколку се работи во затворени простории, потребно е да се обезбеди добра вентилација.
<u>Пожар</u>: Да се обезбедат соодветни средства за гасење пожар.
<u>Чистење и депонирање</u>: Неврзани остатоци од Битек А се чистат со Растворувач П. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип на отпад. Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk